| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Наслов на наставниот предмет | | Дипломска работа | | | |
| 2 | Код | | ДДР607 | | | |
| 3 | Студиска програма | | Интегрирани студии од I и II циклус по дентална медицина | | | |
| 4 | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | | Катедра на Стоматолошкиот факултет од која студентот избрал дипломска работа | | | |
| 5 | Степен (прв, втор, трет циклус) | | Интегрирани студии од I и II циклус | | | |
| 6 | Академска година / семестар | | 6-та година, XII семестар | 7 | Број на ЕКТС кредити | 10 |
| 7 | Наставник | | Сите наставници | | | |
| 8 | Предуслови за запишување на предметот | | Отслушани сите задолжителни предмети од 9 и 10 семестар и положени сите задолжителни предмети од 7 и 8 семестар. | | | |
| 9 | Цели на предметната програма (компетенции): по одбраната на дипломската работа студентот е оспособен самостојно да пребарува релевантна литература, да ја проценува нејзината валидност, да го проценува значењето на спроведените клинички постапки, да прибира валидни податоци од практиката, да биде оспособен за формулирање на клинички или истражувачки проблем, како и да ги систематизира и прикаже добиените резултати од истражувањето. | | | | | |
| 10 | **Содржина на предметната програма:** | | | | | |
| | Дипломската работа претставува приказ на случај или на случаи, на пациенти кои студентот ги третирал во текот на наставата по предметите Клиничка пракса 1 и Клиничка пракса 2. Студентот, исто така, може да избере тема за дипломска работа која подразбира научноистражувачка работа во лабораторија. Студентот самостојно одлучува за избор на стоматолошката област и за избор на ментор. Во договор со менторот се врши избор на релевантни клинички случаи или релевантни научноистражувачки лабораториски методи, се дефинира и прецизира темата на дипломската работа.<br>Дипломската работа ги има следните елементи: апстракт на македонски и англиски, вовед, преглед на литературата за дадениот проблем (тема), цел на трудот, материјал и метод на работа, резултати, дискусија, заклучок и користена литература. Треба да биде изработена на не помалку од 20 и не повеќе од 30 страници, А4 формат, фонт Georgia, големина на букви 11.<br>Готовата дипломска работа, студентот ја предава во 3 пишани примероци и електронски. Се разгледува на наставен одбор, каде по предлог на соодветната Катедра се формира трочлена комисија.<br>За одбраната на дипломската работа се води записник, кој се состои од наслов на темата, име на кандидатот, имиња на члeновите на комисијата, место и време на одбрана и описна оценка – положил или неположил.<br>Студент кој не положил (не ја одбранил дипломската работа) може да бара да му се одобри друга тема која по правило би била од друга област а се спроведува по истата постапка. | | | | | |
| 11 | Методи на учење: интерактивна настава (теоретска), работа во мали групи (вежби) и други облици предвидени со заедничките критериуми на ЕКТС | | | | | |
| 12 | Вкупен расположив фонд на време | | 300 часа | | | |
| 13 | Распределба на расположивото време | | Пребарување на литература – 60 часа, Консултации со ментор – 60 часа, Изработка на дипломската работа – 120 часа, Други активности – 60 часа | | | |
| 14 | Форми на наставните активности | 15.1. | Пребарување на литература | | 60 часови | |
| | | 15.2. | Консултации со ментор | | 60 часови | |
| 15 | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | | | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | | 120 часови | |
| | | 16.3. | Други форми | | 60 часови | |
| 16 | Начин на оценување | 17.1. | описно:положил/неположил | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 17 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | одбрана на дипломска работа |
| 18 | Услов за потпис и полагање на завршен испит | положени сите предмети од студиската програма |
| 19 | Јазик на кој се изведува | Македонски јазик |
| 20 | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот |
| 21 | **Литература** | |
| | | Литературата зависи од изборот на темата за дипломска работа. |